10 ТЕМА



Неговото величество

Коста - "Лакоста"

# КОНФЛИКТИ –

# ВОДИЧ ЗА ДЕМОКРАТСКО ПРЕЖИВУВАЊЕ?!





**Неговото величество:**

# Коста - „Лакоста“

Конфликти? Море, дај ми само 7 дена власт, па ќе видиш. Ете поради тоа го сакав социјализмот. Нема тука судири, те овој имал права, те овој немал, те денес штрајкуваме, утре не работиме, а задутре секоја „шуша“ сака да стане министер. Нема ред во оваа држава, батка! Не беше џабе измислен Голи Оток. Знаеше Тито што прави и какви лошотии сме сите ние: дај ни прст, веднаш сакаме цела рака.



Интересно размислување. Во социјализмот убаво нѐ учеле, но зошто не нѐ научиле? Да беше по Ваше, денес сите ќе бевме „убаво воспитани“ и ќе немаше никакви конфликти, а колку што добро се сеќавам, сите наши проблеми имаат историја и постоеле и во социјализмот. Зошто не биле тогаш решени, па сега мора да ги решаваме? Единственото нешто што го гледам е тоа дека наместо да ги решава постојните проблеми, социјализмот ги гушел и тие станувале уште поголеми. Нешто многу да не помогнал тој Ваш Голи Оток?



И уште нешто. Што Вие навистина би направиле со 7 дена власт? Ако мислите целата држава да биде во војна... да, сигурен сум дека тоа навистина ќе го постигнете. И тоа нема да биде меѓуетничка, туку антилакостина војна.

Зошто војна? Малку ли има војска и полиција? Ајде земи и распореди насекаде, забрани штрајкови, оружје, забрани партии. Слобода? Не е за секого слобода. Ќе слушале рок музика, ќе давале секс по телевизии, ќе носеле фармерки... Секое кафуле е полно со млади деца наместо да седат дома и да учат. Или учениците. Не знам како учителите можат да ги гледаат со олкави косишта, без школска униформа, полни кецови.



Да Ве прашам: да не имате и Вие некој таков ученик?

Како немам! Имам двајца и полни се со кецови, едниот истрижен како овца - до кожа, другата со фризура... не знам како да ја наречам... како еж и нашминкана, како да е претепана... со мрсни фармерки... и со патики од 3.000 денари, оти не било кул да носиш поевтини. Ми се иде да се преселам на Северниот пол.



Значи, не можете да се справите со нив?

Никој не може да се справи со нив. Тие имаат свои идеи и никој не може да влијае врз нив. А има толку фини и воспитани деца. Што му имам на бога згрешено, па да имам такви неранимајковци?



И Вие, за 7 дена би ја решиле состојбата во државава, а не можете за цел свој живот да се справите со двете свои деца!




Ма добро бре, господине. Јас така малку си ја кажувам маката, така се вели зборот. Инаку, мене ми е јасно дека не е тоа така како што велам... Ете така, денес не ми е денот.





Сакам да Ви кажам за еден запис напишан уште во стариот Рим: „Каде оди оваа младина, во наше време воопшто не беше вака и имаше ред и почит". Замислете дека и старите Римјани ги имале истите проблеми со децата како што ги имате и Вие. Затоа не грижете се, се работи само за СУДИР на генерации.

!

Море, не е судир туку војна без „земање заробеници". Добро, ми помина, па можеме сериозно да разговараме. Изгледа за судирите и конфликтите и јас треба многу да научам, затоа што си ги имам и дома.



И досега рековме дека различноста и толеранцијата на различноста во демократските системи, на дозволената и пожелна конкуренција, како и критичкото размислување, нудат еден нов квалитет на демократијата. Тој се состои во сфаќањата дека судирите и конфликтите во демократските системи се нормална состојба и воопшто не мора да претставуваат болест на општеството, туку напротив: знак дека граѓаните, било како поединци, било како групи и ентитети, се обидуваат да ги остварат своите интереси. Така, судирите и конфликтите можат да бидат фактор на подобрување на општеството, се разбира, ако тие се решаваат низ институциите на системот и ако остварувањето на интересите на една група не ги нарушува правата на другите.

!

Велите, конфликтите не мора да бидат исклучиво негативни и важно е да не се прават немири или да не се зема оружје в раце.



Не е важно дали конфликтите се позитивни или негативни. Битно е дека во секое општество ги има и мора да се разрешуваат во духот на демократијата.
Има малку конфликти што не можат да се разрешат низ институциите на демократскиот систем, затоа што основите на демократијата почиваат врз процедури за разрешување на конфликтите. Во светот секојдневно има илјадници несогласувања, судири и конфликти.

▶ ▶ ▶

Сепак, од многу малку од нив се изродуваат оружен судир и војна и во тој случај, оружениот судир повеќе е знак на неефикасни институции отколку на неможност тие судири да се решат на демократски начин. Секоја војна е пораз за политиката и демократијата.
Се разбира, постојат и такви конфликти за кои не можеме да видиме решение. Тоа не значи дека решение нема или, пак, дека едноставно не е дојдено време некој проблем да се реши.
Сето ова не е лесна приказна и во овој дел ќе се задржиме токму на тоа: на конфликтите.

!

Па, гледајќи по моите деца, навистина треба многу трпение, такт и знаење за да се решат недоразбирањата и конфликтите.



Спротивставените интереси и соработката се две страни на живеењето во секое општество. Тие судири се манифестираат или како **долгорочни**, што значи дека траат подолг временски период, или како **привремени**, кои по одредено време престануваат да постојат.
Теоријата вели дека различната моќ и позиција на граѓаните во едно општество нужно претставуваат извор на судири.
Но, тука има и други видови конфликти, кои настануваат поради различните вредности на граѓаните и на групите. Тука не зборуваме само за меѓуетнички судири и недоразбирања, кои во овој момент се толку популарни. Конфликти настануваат и поради различната имотна и социјална положба на граѓаните, полот, генерациите, местото на живеење... Тоа кажува дека моќта не е правилно распоредена, а различноста на гледиштата, вредностите и позицијата на единката во структурата на моќта ги засилуваат овие стојалишта.

Да, добро рекле „ситиот не му верува на гладниот"...

Конфликтот може да постои но да не се покажува веднаш. Проблемот може долго да „тлее" и во таа фаза сè уште не можеме да говориме за конфликт. Кога спротивставеностите меѓу луѓето или меѓу групи граѓани ќе дојдат до тој степен да станат толку големи што го менуваат вообичаениот начин на живот, значи дека сме дошле до конфликт.



Сè додека во едно општество за овие спротивставености може да се најде заеднички јазик и може да се надминат, луѓето можат нормално да живеат, да работат и да функционираат. Иако е сосема нормално да се има посебни барања и интереси, треба да се внимава на кој начин тие се решаваат. Но, некогаш се случува работите да излезат од контрола. Во едно демократско општество, државата се јавува како инструмент за разрешување на тие конфликти.

Како што велите, со самото тоа што граѓаните имаат различни гледишта и вредности, или со самото тоа што припаѓаат на различни групи, веќе имаме конфликт. Зар не е така?

Не, никако! Конфликтите се јавуваат кога луѓето ќе преземат одредена акција, т.е. кога она што некој го замислил сака да го спроведе во дело на начин што е несоодветен и што излегува од правната рамка на државата. Самото размислување за нештата и дискусиите околу тоа не се конфликт. Еден од главните предуслови за да се појави еден конфликт е луѓето да преземат одредена општествена акција со цел да ги остварат своите желби, намери, интереси.

Демократските системи дозволуваат проблемите и желбите на граѓаните да се префрлат на политиката и избраните функционери во институциите треба нив да ги решаваат по редовен пат, пред тие да се претворат во конфликт. Конфликтите можат да произлегуваат од практиката и потребите на граѓаните, но за жал, постојат и такви проблеми и конфликти што се создадени од политиката и не потекнуваат од граѓаните, но ним им се наметнати на различни начини.

?

Ми велите дека одредени проблеми и конфликти ги измислува и поттикнува политиката заради власт? Дали е можно тоа?



Можно е, и веќе се случувало. Постојат неодговорни поединци во политиката коишто не бираат средства за да дојдат на власт. Тогаш наместо да зборуваат за напредок и подобрување на состојбите, тие му се „додворуваат“ на својот етнос и му ветуваат „волшебно разрешување на некои проблеми“. Поради тоа, граѓаните мора одговорно да размислат при изборот на власта и да внимаваат идната власт да биде ориентирана кон мирот и решавањето на проблемите низ институциите на системот, а не да кажуваат фантастични приказни, кои утре ќе доведат до поголема недоверба во општеството и постојните недоразбирања ќе ги претворат во конфликт. Но, за ова подоцна. Засега само ќе констатираме дека е многу битно конфликтите навреме да се **ПРЕПОЗНААТ**.

Луѓето не се секогаш свесни дека се случуваат конфликти во општеството во кое живеат. Препознавањето на проблемите е нужно, затоа што може да ни помогне проблемите да ги решиме пред да се претворат во конфликти, или барем да ја намалиме нивната сила.

?

А како е тоа можно? Кој треба да го работи тоа?

Постојат одредени знаци според кои можеме да ги препознаеме конфликтите. Во едно општество постои конфликт доколку имаме постојани судири меѓу луѓето и групите луѓе што се формираат за задоволување на желбите и интересите на своите припадници. Тука е битно да се каже дека е најнормално тие луѓе и групи да имаат сопствени барања но ако се случи – како што често се случува, една група да се чувствува загрозена од барањата на други групи, тоа е сигурен знак за судир. Во основата на овие судири, честопати имаме нерационални стравови, иако е можно тие стравови да бидат и реални. Понекогаш се работи и за предубедувања.

Конфликт постои и кога е очигледно дека луѓето не се слушаат меѓу себе и ги одбиваат туѓите предлози, кои понекогаш може да бидат корисни, иако другата страна не ги прифаќа. **ОДБИВАЊЕТО ДА СЕ СОСЛУША СПРОТИВСТАВЕНАТА СТРАНА Е СИГУРЕН ЗНАК ЗА КОНФЛИКТ.**

Што ми е ова познато! Што и да речам, моите деца како да не слушнале. Не можам да разберам како не гледаат дека јас им го посакувам најдоброто?

Тоа значи дека Вашиот конфликт е од поодамна.
За конфликт зборуваме и кога имаме ситуација каде што се јавува постојано несогласување. Во таква ситуација имаме само **КРИТИКУВАЊЕ И ОСУДА** на она што другиот го работи. Многу подобро е во ситуациите каде што навидум не постои излез па да се обидеме да го најдеме, отколку да ги критикуваме или осудуваме оние што можеби се обидуваат да ја разрешат ситуацијата. Понекогаш, кога ќе се седне на иста маса, може да се констатира дека проблеми и немало, туку само недоверба.

Тоа ми се случи кога ја градев викендичката и со соседите никако не бевме способни да се организираме за да наместиме водовод. Јас мислев дека другите не сакаат да плаќаат, сите други имаа свои идеи... и помислував сам да ја платам цела линија. Кога отидов во „Водовод“ ми велат дека сето тоа е бесплатно, само ние не сме седнале заеднички да се договориме. Потоа станав свесен дека има неколку скарани луѓе во близина и сакаа да тераат инает. Само што седнавме на маса, видовме дека проблемот е токму тој и го решивме откако скараните си заминаа...

Постојат уште неколку сигнали според кои можеме да препознаеме дека постои конфликт, како на пример: избегнување контакт кога треба заеднички да се реши одредена ситуација со оној со кого сме во конфликт, неприфаќање на она што го предлага другиот, непочитување на одредени барања што доаѓаат од онаа личност со која сме во конфликт итн. Понекогаш самите графити по ѕидовите ни покажуваат дека постои конфликт.



Видете, господине. Што е конфликт, што судир и каде е границата, секој ќе си сфати по свое. Вие ова што го кажувате ни оддалеку не ги исцрпува знаците на конфликт.



Точно е тоа и наместо сега да објаснуваме во подробности како се препознава судир, можеме да напоменеме какви видови конфликти постојат.

## ВИДОВИ КОНФЛИКТИ

Во општеството постојат најразлични видови конфликти. Нивното познавање ни овозможува одблиску да ги запознаеме и со тоа полесно да ги решиме.

Постојат повеќе поделби на конфликтите. Овие поделби се извршени во зависност од тоа од кој агол ги гледаме, т.е. основа на КРИТЕРИУМОТ што го применуваме за нивна поделба. Со самото тоа што постојат различни критериуми за поделба, разликуваме повеќе поделби на конфликтите:

**1.** Во првиот случај, **КРИТЕРИУМОТ** за поделба на конфликтите е **МЕСТОТО КАДЕ ШТО СЕ СЛУЧУВААТ**, т.е. дали тие се случуваат во самата држава или меѓу различни држави. Затоа тие се делат на:

- Конфликти во рамките на државата или внатрешни конфликти - овие конфликти се случуваат меѓу луѓето или меѓу различните групи луѓе од една заедничка држава. Најчесто причината е тоа што тие имаат поинакво разбирање за проблемите и нивното решавање од другите членови. Во демократските држави овие конфликти ретко завршуваат на најлош можен начин, а тоа е граѓанската војна. Но, ако војна се случи, тогаш или политичките елити тоа го сакале, или не биле способни тоа да го спречат.
- Меѓудржавни (интернационални) конфликти - овие конфликти се случуваат меѓу две или повеќе различни држави во светот.

  Причините можат да бидат најразлични: проблеми со граничната линија, нерешени прашања на одредени малцински групи, борба околу природни богатства, неслагање околу одредени прашања итн. За жал, овие конфликти многу често завршуваат со војни, па дури вмешуваат и држави што претходно не биле засегнати. Најлошата форма се светските војни.

Комбинација од внатрешни и меѓудржавни конфликти. Обично, во светот имаме примери кога во една држава започнува граѓанска војна во која спротивставени страни се мнозинското население и едно малцинство што има соседна матична држава. Тогаш имаме вмешување, или доаѓање напомош на „браќата преку граница". Таков беше примерот со Втората светска војна, кога Германија изврши воена интервенција врз Чешка, наводно заради заштита на германското малцинство што живее таму. Многу често малцинските прашања се користат за да се започне војна со соседната земја.

Јас мислам дека матичните држави мора да се грижат за малцинствата што живеат во други држави. Ако мнозинскиот народ ги тероризира малцинствата, за мене е легитимно ако им помогнат во нивната борба за права.

Изгледа не ме разбравте. Грижата за делови од својот народ што живее во други држави треба да има, но овде зборуваме за оружени судири и војни. Ако е по ваше, целиот свет ќе биде едно големо бојно поле. Постои нешто што се вика меѓународно право и во него е јасно дефинирано што е грижа за малцинствата, а што мешање во работите на друга земја. Кој ќе пресече дали станува збор за заштита на малцинските права, а не за борба за територијални освојувања? Треба да бидете свесни дека сите народи имаат максималистички барања и дека во својата историја биле и „мали" и „големи". Зошто некоја држава не зборува за времето кога била најмала по територија, туку само кога била најголема? Националистичките сништа за „големи држави" во Европа веќе не наоѓаат место и разбирање. Верувајте, на нив гледаат како на бајки за деца.

**2.** Друга поделба на конфликтите е според тоа дали конфликтите се **ВИДЛИВИ** или **СКРИЕНИ**.

Скриените конфликти се нарекуваат и латентни. Тоа што не се забележуваат не значи дека не можат да станат покомплицирани и да доведат до посериозни последици. Затоа е подобро навреме да избијат на површина со цел да се изнајде решение. Кога навреме се откриваат проблемите – пред да се претворат во конфликти, тие нема да бидат толку масовни, ќе немаат голема сила и сè уште ќе има место за дискусија околу нив.

Слободата на изразување во демократските системи доведува до навремено посветување внимание на таквите проблеми од страна на државата и целата јавност. Но, тоа е исто така прашање на приоритети. Дали еден проблем ќе се смета за приоритетен или не, зависи и од јавноста и од политиката на власта и опозицијата. Кога политичките партии некои проблеми сакаат да ги оставаат настрана, јавноста треба да се потруди и да ги натера политичките партии и институциите на системот да се зафатат со нивно решавање.

Многу паметна стратегија. Да бевме ние граѓаните погласни и поорганизирани, можеби немаше да се случат пропаѓања на фирми и толку силни конфликти околу тоа. Но, и за многу други работи сметам дека ние граѓаните бевме затекнати. Иако многу конфликти беа видливи и се очекуваше тие да се усложнат, ние се правевме „на Тошо".



Предност во решавањето на видливите конфликти е тоа што секогаш знаеме какви се проблемите, кој учествува во нив, колку се силни и како да тргнеме во нивното решавање. Во вакви конфликти секој може со сопствена акција да придонесе тие да бидат минато. Овие конфликти се нарекуваат уште и манифестирани.

**3.** Последната поделба на конфликтите е направена со цел да се прикаже дека не сите конфликти во општеството се вистински т.е. дека за некои конфликти нема причини. Затоа оваа поделба зборува за:

РЕАЛНИ конфликти. Реалните конфликти секогаш имаат своја причина и свој повод.

Тие се случуваат меѓу луѓето и групите луѓе поради одредени реални причини. Тоа може да бидат исти или слични интереси, желби, спротивставени мислења за тоа што е добро или лошо да се направи во одредена ситуација итн. На пример, таков е социјалниот конфликт меѓу работодавецот и синдикатот. Реално гледано, секој работи за профит и не му е мило кога мора да исплаќа поголеми плати отколку што мора. Но, тоа работниците не го мислат. Тие мислат дека нивниот труд е малку платен – тоа е вечна приказна.

„Кој што дава - многу му е, кој што зема - малку му е" - старо правило.

**НЕРЕАЛНИТЕ** конфликти се случуваат кога нема вистинска причина за судир. Тие се повеќе резултат на одредени човечки слабости, нетрпеливости, предрасуди, лична историја, неразбирање, несогласувања... Нема разумна причина тие да се случуваат, но се случуваат, или пак, се симулираат.

Јас би рекол дека постојат уште многу поделби на конфликтите, затоа што не гледам некоја црвена линија меѓу конфликт, судир, недоразбирање, предрасуди, кавга, омаловажување... Што е со:

- судирот на генерации
- машко-женскиот судир во сфаќањата
- поинаквото размислување и судир на релација село-град
- судирот на центарот на градот и гетата, кои можат да се караат зошто во гетата и приградските населби имаат помалку комунална опрема отколку во центарот
- Скопје и помалите градови, кои се во постојана кавга, затоа што мислат дека во главниот град се трошат многу пари
- судирот во сфаќањата за хомосексуалците и нивните права
- судирот на елитната и масовната култура
- судирот на пуританската и андерграунд културата на младите
- судирот на вработени и невработени
- судирот на сиромашни и богати
- судирот на патријархално воспитани и современо воспитани

Мислам дека нема крај да се набројат сите можни извори на недоразбирања, различни мислења, кавги, судири, конфликти...

Треба да правиме разлика меѓу различно мислење, судир на мислења, различни позиции и пристап до моќта, проблеми и конфликти. Сепак, не може да се прогласи за конфликт ако некој повеќе сака пица отколку хамбургер. Конфликтот подразбира дека постои реална опасност за понатамошно усложнување на работите. Конфликтот е развоен и ако навреме не се преземат мерки, тој резултира со мошне опасни ситуации како војни, оружени судири и сл. Конфликтот го менува начинот на живот на оние што се во конфликт и предизвикува специјални однесувања. Конфликтот секогаш има тенденција кон усложнување – она што денес можеш да го решиш со малку труд, за една година ќе мораш со многу повеќе. Во основа, конфликтот е раководен и насочен, но манифестациите можат да бидат и стихијни.

Конфликтот се однесува на темелно прифатените вредности на групата и желбата тие да бидат општи или барем признати. Тие вредности имаат постојан систем на носители и организирана сила зад нив. Обично, конфликтите се раководени од политичките елити, силната мафија, државно-бирократската олигархија или друга организација. Конфликтите можат да бидат раководени и од странство.

Но, рековте дека конфликтите може да ги предизвикува и мафијата. Како тогаш политичките партии и институциите можат да бидат виновни за тоа?



А кој раководи со државата: мафијата или институциите? Ако државата дозволила голем степен на криминал, корупција и постоење на силна мафија, тогаш не може да се рече дека за кризата немаат вина институциите.

Главно е дека кризите се умножуваат и видовите конфликти се зголемуваат кога демократската држава слабее и не ги решава проблемите навреме.

Постојат и многу други поделби на конфликтите во едно општество. Дури и самите можете да си направите сопствена поделба на конфликтите, како што Вам Ви се чини. Меѓутоа, не помала важност од поделбата на конфликтите има и нивното надминување. Надминувањето на конфликтите може да биде на неколку начини и секој од нив дава поинакви резултати.

Одложувањето или потиснувањето на конфликтите не значи и нивно решавање.

Глупавото решавање на проблемите и конфликтите е најголема опасност за мирот. Поради тоа, со разрешувањето на конфликтите треба да управуваат најспособните поединци.

Сега, токму за тоа:

## НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ

Мислам дека ова и мене ќе ми треба. Јас пак си велев дека премногу демократија има во моето семејство, па децата од толку слобода „подивеле" и не знаат колку им е доста. Баш ме интересира дали многу сум им дал демократија или не сум бил мудар, кога сум сакал да ги решам проблемите со нив.

Една од најважните вредности што ја поседуваат демократските општества е нивната способност за решавање и посредување со конфликтите. Тоа е овозможено затоа што демократијата развива институции и постапки преку кои се наоѓа начин конфликтите да се смират навреме и без поголеми недоразбирања и судири. Една од најголемите предности на демократијата во однос на другите начини на владеење е тоа што таа овозможува секој граѓанин, група граѓани, политичка партија или која било друга организирана група луѓе, слободно да ги искаже своите мислења, желби и интереси. Овие желби, интереси и мислења не се секогаш исти и еднакви кај луѓето. Иако тие понекогаш се судираат, спротивставените интереси што можат да се јават во демократијата никогаш не се потиснуваат. Напротив, демократијата настојува интересите да се искажат јасно и гласно, а сè со цел да се најде заеднички јазик или барем да се лоцира проблемот. Иако луѓето се стремат различно да размислуваат и дејствуваат, за сите постојат еднакви правила на игра. Нив ги определува законот.

Законите се основа на секоја демократија и основа на решавање на спорови, судири и конфликти. Нив мора да ги почитуваат сите, без разлика на вера, етничка припадност, пол, старост, политичка определба и друго. Тогаш велиме дека судирите се решаваат низ институциите на системот.

Во секоја демократска заедница, дури и оние групи што ни се чинат неприфатливи и екстремни имаат право да формираат свои организации и да го изнесат своето мислење. Иако за нас некои нивни интереси може да се чинат неприфатливи, мора да се почитуваат мислењето и желбата на другиот да го изрази.

?

И сакате да ми кажете дека ќе им дозволиме и на хомосексуалците да служат војска? Или ќе дозволиме масонски организации во Македонија? Ве молам, па мора да има некаков ред. Демократијата не значи секој да прави што сака.

Прашање е дали тие работи се забранети со закон. Ако не се, тогаш се дозволени. Не е во ред интересите што би можеле да се јават меѓу различните групи луѓе да се потиснуваат и одложуваат. Битно е да има законие и никој не вели дека Вам законот ќе Ви се допадне. Имате законски процедури и Вие треба да се борите Вашето мислење да им го наметнете и на другите и да изгласате закон со кој тој конфликт ќе биде решен – по Ваше.

Па, јас од тоа беззаконие сум најмногу погоден. Јас плаќам деловен простор, даноци, струја, телефон, а некој може да си постави тезга пред мојата продавница и да продава тренерки за половина цена - какви што ги имам и јас во продавницата. За тоа има закон, но не се почитува.



Тоа е жално и треба многу бргу да се спречи, инаку џабе зборуваме за законие и култура на законитоста. Демократските држави своите конфликти ги решаваат навремено и бргу. Тие имаат чувство за потребите на граѓаните и имаат култура на договарање.
Една од тие форми е и гласањето, и тоа е еден од најуниверзалните и најчестите начини за носење одлука во врска со проблемот поради кој постои конфликтот. Се прифаќа она решение за кое се залага мнозинството (поголемиот дел од луѓето). Меѓутоа, некои конфликти не можат да се решаваат по пат на гласање, а и не е мудро, поради тоа што е увидено дека не смее да постои тиранија на мнозинството. Многу подобро е да се најде компромис меѓу волјата на мнозинството и потребите на малцинството. Притоа не мислам само на етничките групи туку и на сите други.

Е, ова мора да ми го објасните. Зошто да не се почитува волјата на мнозинството? Нели, секој човек има еден глас и мнозинството одлучува?



Пред малку тоа Ви го објаснив. Подобро е тие две работи да се помират. Еве некои од причините:

- изјаснувањето по пат на гласање не е секогаш израз на вистинскиот став на сите што се изјасниле. Еден дел се изјаснува под притисок и под влијание на други;
- одредени одлуки се носат заради додворување кон народот, за тој да гласа за одредена политичка опција, иако политичарите знаат дека таа опција е погрешна и дека може да доведе до војна;
- понекогаш партиите користат популизам и демагогија, национализам и говор на омразата, сè со цел да дојдат на власт. Тогаш никој не може да биде сигурен какво решение е најдобро;
- понатаму, конфликтот многу често по гласањето и одлуката што е донесена и понатаму останува нерешен, бидејќи оние што биле надгласани ги задржуваат своите ставови и мислења и можат да продолжат со истите барања и желби;

многу конфликти и војни започнале по некое гласање каде што се прекршени правата на малцинските групи. Има примери на граѓанска непослушност, која започнала поради донесувањето на некој закон (гласање за донесување на еден закон).

?

Ми велите дека мнозинството мора да трпи поради волјата на малцинството?

Апсолутно не! На ова прашање ќе Ви одговорам со излагање на следниот начин на разрешување на конфликти, а тоа е по пат на преговори и договарање меѓу заинтересираните страни. Страните што се во конфликт влегуваат во преговори во кои секоја од страните попушта и се откажува од некои свои првобитно поставени барања. Решавањето на конфликтите по пат на преговори е многу чест и успешен начин за надминување на проблемите.

**2.** Еден од начините за решавање на конфликтите е и надминувањето на спротивставеностите со постепени обострани отстапки. До тоа доаѓа кога една од страните вмешани во конфликтот ќе направи извесна отстапка, на пример, ќе се откаже од некое барање што дотогаш го изнесувала, притоа поставувајќи како услов да има реципрочност, т.е. некоја отстапка или откажување од другата страна. Може да се очекува дека на таквото искажување добра волја за договор од едната страна во конфликтот, и другата страна ќе реагира со попуштање или со откажување од некое свое барање. Вака најверојатно ќе се создаде атмосфера на заемна доверба. Тоа ги зголемува напорите да се надминат спротивставеностите и често доаѓа до решавање на конфликтот на задоволство на двете страни.

?

Дали Ви се чини дека граѓанскиот концепт на Македонија е добра рамка за решавање на внатрешните меѓуетнички прашања?

**3.** Добар начин за решавање на конфликтите е кога преговарачите можат да најдат заедничка основа, чие остварување и на обете страни ќе им донесе корист. Со тоа, проблемот се надминува со менување на рамката на конфликтот. Наместо држава на народи, малцинства, па големи, па мали, па имале историско право, па немале, па едните биле староседелци, другите биле дојденци, граѓанскиот концепт ја менува рамката на проблемот и сите тие прашања престануваат да бидат

важни со тоа што државата се засновува врз граѓанинот, а не врз етносот. Ваквиот начин на изнаоѓање „високи цели“ може да биде многу корисно во решавањето на меѓунационалните и меѓудржавните конфликти. Типичен пример за ова е формирањето на Европската унија.

Иако Германија беше во судир со речиси цела Европа во Втората светска војна, во 50-тите години на минатиот век тие изнајдоа заедничка цел - економска интеграција за корист на сите страни. Така, иако до пред 10 години во судир, неколку европски земји решија да се интегрираат, да ја формираат ЕУ и секако не згрешија. Со менувањето на рамките на проблемите, самите проблеми исчезнуваат.
Може да се каже дека конфликтите се карактеристични за сите етапи на човечката историја, како и за секој политички систем. Она што ја разликува демократијата од другите системи, што се однесува до конфликтите, е тоа што таа развива и усовршува механизми за нивно мирно решавање. Во демократскиот дух не спаѓа апсолутното непостоење на конфликти, туку напротив, нивно отворено искажување, но и решавање низ демократските институции и со законските начела на демократијата како систем.

Тоа мора и јас да го направам со децата. Но, како да ја сменам рамката на нашите недоразбирања? Можеби треба да почнам со тоа да имам малку доверба во нив... Или да престанам да зборувам дека јас ги хранам, дека додека се кај мене дома има да прават како што ќе им речам јас... Или едноставно, да престанам да се нервирам и да ги прифатам такви какви што се? А за возврат ќе барам и тие да почитуваат дека по 12 часа редење и প্রередување текстил, јас ја штедам секоја пара за да можам да ги школувам... Има тука нешто.... А да им дадам тие да прават домашен план, или да...

